**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Број ____________________

_______________.______ година

# ДОГОВОР
## за стипендија на ученици Роми од прва категорија

Склучен на ден ____________ година, помеѓу:

**1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, 1000 Скопје, преставувано од министерката проф. д-р Весна Јаневска (во натамошниот текст: **давател на стипендија**), од една страна и

**2.** ______________________________________________ ученик во __________________година
(име на ученикот, име на родител/старател, презиме)

во ________________________________________________________________________
(назив на средното училиште)

во учебната 2024/2025 година со адреса на живеење ул.________________________ бр. _______

во _______________________, од друга страна како **корисник на стипендија.**
(град)

**Член 1**

Предмет на овој договор е доделување на стипендија за ученик од ромската заедница кој е запишан во јавните или приватните средни училишта во Република Северна Македонија согласно Конкурс за доделување стипендии на ученици Роми од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 бр. 19-9853/2 од 23.09.2024 година (во натамошниот текст: Конкурсот), утврдување на износот на стипендијата и регулирање на правата и обврските на договорните страни.

**Член 2**

На корисникот на стипендијата за учебната 2024/2025 година му се доделува стипендија од **прва категорија**.

**Член 3**

Давателот на стипендијата за учебната 2024/2025 година на корисникот на стипендијата му обезбедува стипендија во месечен износ од **3.000 денари**, за периодот додека трае наставната година.

**Член 4**

Во периодот на стипендирањето, корисникот на стипендијата се обврзува:

- Редовно да ја запишува наредната година на образование;
- Да ја заврши наставната година заклучно со 31 август 2025 година;
- Да достави свидетелство/диплома за завршена година или образование најдоцна до 15 септември 2025 година;
- Редовно да ја посетува наставата (освен во случај кога отсуството ќе биде оправдано од здравствени причини со приложување на соодветна документација до училиштето);
- Да ги извршува задачите и да ги реализира активностите кои ќе му бидат доделени од страна на Министертвото за образование и наука;
- Да настојува на зголемување на неговиот/најзиниот општ успех од оцените;
- Да соработува со тимот од Министерството за образование и наука и да ги направи достапни информациите врзани за стипендиите и образованието;
- Навремено да го извести Министерството за образование и наука за сите евентуални промени во врска со неговиот/нејзиниот статус на ученик (префрлување во друго училиште, преселба, откажување од школувањето, промена на контакт итн.).

**Член 5**

Давателот на стипендијата може да го раскине договорот доколку корисникот на стипендијата не ги исполнува обврските од член 4 на овој Договор.

**Член 6**

Во случај на спор по овој Договор, спорот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 7**

Овој Договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 8**

Договорот е составен во 2 (два) еднакви примероци, од кои еден за корисникот, а еден за давателот на стипендијата.

**КОРИСНИК НА СТИПЕНДИЈАТА**

______________________________

(име и презиме на стипендист)

______________________________

(име и презиме на родител/старател)

**ДАВАТЕЛ НА СТИПЕНДИЈА**
**МИНИСТЕРТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**проф. д-р Весна Јаневска**

Изготвил: Мерита Мустафи
Прегледал: Лидија Михајловска
Согласен: Анастасија Трајковска